09-2793/1
13 -08- 2021

Врз основа на член 22 став 1 а во врска со член 76 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 50 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 22.07.2021 година, ДКСК донесе

# ОДЛУКА

Наводите од пријавата со број 09-2922/1 од 28.05.2019 година кои се однесуваат на влијание од повеќе службени лица и членови на политичка партија од Прилеп и Кривогаштани за вработување на блиски лица не се потврдуваат, по што постапката за утврдување судир на интереси СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2922/1 од 28.05.2019 година.

Предметот со број 09-2922/1 од 28.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-2922/1 од 28.05.2019 година е оформен по доставена пријава од познат подносител против повеќе службени лица и членови на политичка партија од Прилеп и Кривогаштани со наводи за вработување на нивни блиски лица во повеќе институции во Прилеп.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата и ја констатира следната фактичка состојба:

Лице --------- (претседател на општинска организација на -------- ) не постои во евиденцијата на вработени лица во АД за стопанисување со станбен и деловен простор.

Лицето ---------, сопруга на --------- – советник на министерот за внатрешни работи, вработена е во УЈП преку постапка на мобилност со трајно преземање од општина Кривогаштани од 25.09.2018 година.

Лицето ----------- (секретар на општинска организација на ---------) вработено е во УЈП преку постапка на мобилност со трајно преземање од НУ Завод и музеј Прилеп од 22.01.2020 година. Ова лице и претходно било ангажирано во УЈП преку Агенција за привремени вработувања за период од: 19.03.2018 – 31.12.2018 и 01.01.2019 – 29.12.2019 година, поради зголемен обем на работа за работно место Виш даночен контролор.

Во однос на другите наводи од пријавата, ДКСК веќе има постапувано или нема доволно податоци за да постапува, а исто така во пријавата наведени се и лица кои согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не претставуваат службени лица.

На седницата одржана на ден 22.07.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси во врска со наводите кои се однесуваат на влијание од повеќе службени лица од Прилеп и Кривогаштани за вработување на блиски лица.

Имено, горенаведените лица се вработени согласно законските прописи и нема предвидени забрани за нивно вработување или ангажирање согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК